

# СТАРЕЦ СОФРОНИЈ

## ЗА ДУХОТ И ЖИВОТОТ

174.
Кое е оружјето на непријателот против нашето спасение? Зависта! Во Евангелието, Пилат знаеше дека Евреите од завист сакаа да Го убијат Христа. Зависта е најголемата сила на непријателот! Затоа, пред сè треба да ја избегнуваме помислата на завист!

175.
Зависта е својство на сите луѓе, независно од нивната општествена положба. Некој е секогаш помоќен од нас. Другите секогаш имаат нешто што би сакале и ние да го имаме. Во состојба на завист ги отфрламе другите и животот навистина станува распукана и поцрнета икона Божја.

176.
Обидете се никогаш да не го обвинувате ближниот, туку помолете се за него! Кога некого осудуваме за неговите маани, тоа значи дека не ги гледаме нашите!

177.
Во состојба на нашиот пад, ние не сме способни точно да му судиме на нашиот брат. Не бидете толку сигурни дека вашиот брат греши! Не му судете!

178.
Подобро е да не судиме! Да живеам со страв Божји, значи да се плашам да го судам другиот на начин грешен, а не така како што Бог ќе го суди.

179.
Што ли барам кога му судам на мојот брат? Штом не го гледам како што го гледа Господ, сè ќе биде погрешно. Започнете со оваа молитва, со мислата да бидете послушни, да не им судите на вашите браќа. Започнете со копнеж да им послужите на другите, како Свети Силуан, кој за време на празниците бараше да им служи на стотиците монаси во трпезаријата. Беше многу радосен да гледа колку Христос ги љуби овие луѓе, овие деца Божји. Им служеше со многу љубов. Кога работите од секојдневниот живот се совршуваат во тој дух, можат да станат една многу пријатна духовна храна.Ноќе, благодарение на оваа настроеност да служите, вашето срце ќе биде многу меко, ќе плачете пред Бога за вашите маани, за несовршенството на вашата љубов.

180.
Тешкотијата да соработуваме со ближниот секогаш произлегува од недостигот на молитва и на љубов! Како што вели Свети Силуан, може да се случи и покрај огнените молитви, напредокот да биде тежок. Покрај тоа, откако успееме во повикот на Името Исусово да заживееме цврсто со некоја личност, стануваме способни да живееме со милиони други личност што и се слични.




181.
Да се молиме за другиот, значи да му помагаме! Благодарение на благото расположение на нашето срце спрема него, да може да им се противстави на негативните помисли кои не без причина може да ги има против нас. Наспроти тоа, да не се молиме за него, значи дека ги оправдуваме, немајќи љубов од наша страна, лошите помисли што може да ги има против нас. Да го зачуваме единството во молитвата, околу Чашата Христова и ќе видиме дека е лесно да љубиме!

182.
Бидете многу внимателни! Не ѝ дозволувајте на ниедна лоша помисла да навлезе во вашето срце!

183.
Не ги потценувајте лошите помисли што можат да ве опседнат за ближниот кога сте во вашата келија. Заштитете се од секој збор што може да ве повреди! Ова е многу значајно! Помнете ги исто така, и зборовите Христови: *Како што сакате да постапуваат луѓето со вас, така постапувајте и вие со нив!* (Лк. 6, 31)

184.
Да го следите делото на овој човек, кого толку многу го љубеше Бог, на отец Мисаил, игуменот на светата обител на Свети Пантелејмон, тогаш кога живеев таму: *Ако некој се противи, јас се повлекувам!*

185.
Кога живеете во монашка заедница, така што ве имаат примено избраниците Божји, и благоволат да им послужите, да се сметате себеси недостојни и премногу почестени. Тогаш, вашиот живот ќе се промени! Наспроти тоа, ако им судите на другите за безначајни и површни работи, сè ќе загубите!

186.
Секое нешто што го здобивате преку вашиот внатрешен подвиг, се одразува врз вашиот живот во Бога. Борете се против секоја страст која предизвикува во вас помисли на осудување против ближниот. Не го примајте она што непријателот ви го подметнува против оној што е неправеден со вас. Било да сте сами во вашата келија, било со други, секоја помисла на осудување, секој негативен внатрешен двиг, создава пукнатина во вашата духовна тврдина и во тврдината на братството. Ниедна помисла не се раѓа и не поминува без последици! Со добри помисли за секого што ќе го сретнете, ќе можете да откриете возљубена личност. Наспроти ова, со лоши помисли, вашето лице, вашите душевни сили, ќе ги потресат вашите односи со другите и ќе влијаат врз вашата околина. Кога благодатта е во вас, тогаш не ги гледате мааните на другите, туку само страданијата и љубовта на браќата.

187.
Подеднакво е погрешно и лажно да очекуваме совршенство во една заедница, колку и совршенство на една личност. Најпрвин, затоа што и ние самите немаме вистинска и правилна претстава за тоа, што конкретно претставува совршенството. А потоа, затоа што совршенството е состојба на полно вподобување на Христа.




188.
Отфрлете го од себе секој дух на љубопитството! Извршувајте го вашето послушание без да се грижите дали другите го извршуваат нивното. Кога љубопитството отсуствува, секој го добива по Божја Промисла она што му соодветствува. Не можеме да Го измамиме Бога! Толку е силен и праведен што ништо не можеме да Му сокриеме!

189.
*Дарувај ми да ги видам моите согрешенија и да не го осудувам братот мој* - вели Свети Ефрем, во својата молитва. Ако почнеме да ги споредуваме нашите обиди со обидите на другите, непријателот може да најде начин да нè обесхрабри.

190.
Кога меѓу луѓето се пројавуваат раздори, непријателства, насилнички односи, заедништвото не може да се зачува поинаку, освен ако секој не ги трпи мааните на другите. Според Светиот Апостол Павле, поарно е некој да претрпи неправда, отколку да стори неправда (види 1 Кор. 6, 7-8).

191.
Ако постојано се молиме, за да имаме љубов спрема нашите браќа, да го поминеме патот на нашиот живот со ист дух и со единството на духовната љубов, тогаш остварувањето на нашето вподобување со Христа, ќе биде полесно! Наспроти ова, ако застанеме на неодминливите недостатоци и дребни нешта од надворешниот живот, тогаш ќе ја загубиме благодатта на созерцанието на Вечниот.

192.
При појавата на секој проблем, поголемите се поставуваат себеси во служба на ближниот. Тоа е единственото можно решение! Како што вели Христос, оние што сакаат да бидат големи стануваат слуги и робови, дури и на најслабите!

193.
Световниот живот е втемелен врз сила, врз насилства. Целта на христијанинот е сосема поинаква. Насилството не му припаѓа на вечниот живот. Ниедно дело што ни се налага насилно не може да нè спаси!

194.
Во заедничкиот живот, послушанието ни наложува лека-полека да ја појмиме психологијата на другите личности. Учејќи се да живееме со една личност, учиме да живееме со милиони други личности што ѝ се слични. Така, постепено навлегуваме во длабока болка за сето човештво. Нашиот дух треба да се развие во сите размери на човековото битие, а не само на полето на секојдневните грижи и тешкотии. Тие малечки нешта, и недоразбирањата што ги придружуваат, секако се неизбежни, но тоа не е крајна цел на нашето опстојување. Нашето предназначение е да се сообразиме според подобие Христово. Сепак, ако “јас” не можам да носам во себе едно мало братство, како ќе можам љубовно да го прегрнам, како Христос, севкупното човештво во времето и во просторот.

195.
Да живееме христијански, значи да бидеме подобни на Христа, да ги имаме истите отчукувања на срцето, истиот ум со Синот Божји, како што ни вели Светиот Апостол Павле. Ако го поседуваме сознанието на оваа цел, умот нема да се загуби во ситните нешта. Желбите, зависта, судирите и малечките проблеми од секојдневниот живот ќе поминат крајно незабележани.

превод од грчки: Митрополит Струмички г. Наум